ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27 – 157/10**

**Дата: 08.08.2011**

**ДО**

**ЈАВНА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната установа од областа на здравството (во натамошниот текст Јавна установа) за потребите на Јавните здравствени установи (во натамошниот текст ЈЗУ), Универзитетски клиники (во натамошниот текст УК), Завод и Ургентен центар - Скопје за 2010 година.

Не е вршена ревизија за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

Со ревизијата е констатирано дека Јавната установа не извршила попис на лиценцата за софтвер и попис на побарувањата и обврските. Пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувања и обврски и не ги утврдила причините за неблаговремена наплата и плаќање на истите.
Со планот за јавни набавки за 2010 година не се опфатени јавните набавки кои Јавната установа ги спровела за потребите на ЈЗУ УК, Завод и Ургентен центар, при што однапред не се утврдени видот на стоките, услугите и работите, динамиката за нивна реализација, проценетата вредност на договорот и видот

на постапката. Наведените набавки се извршени без претходно склучени договори за извршување на групна набавка со сите ЈЗУ УК Завод и Ургентен центар Скопје во 2010 година.
Извршени се набавки на канцелариски материјали, средства за хигиена, тонери, конци, вградени материјали, лекови и медицински потрошен материјал по стари договори и без постапка за јавна набавка во вкупен износ од 8.206 илјади денари.

Потребно е да се истакнат договорите склучени во времето на постоењето на Клинички центар, а кои имаат негативно влијание на работењето на Јавната установа. Имено, Клинички центар има склучено договор за деловно техничка соработка со правен субјект кој го регулира прашањето помеѓу останатото за реализацијата на автоматизираниот систем на управување и стопанисување на со паркинг просторот во комплексот на Клинички центар. Според ревизијата, склучен е договор без претходна извршена пресметка/елаборат за оправданоста на овој договор. За овој предмет покрената е тужба од страна на Министерството за здравство застапувано од Државното правобранителство на Р.М. Постапката е во тек.

Јавната установа во период по трансформирање на ЈЗУ Универзитетски клинички центар Скопје до 31.12.2010 година извршила исплата на обврски во износ од 68.779 илјади денари кои не се надоместени од ФЗОМ што е спротивно на одредбите од член 9 став 2 од Одлуката за основање на Јавната установа, за долговите и другите обврски направени од ЈЗУ УКЦ Скопје до 05.09.2007 година, според кои средствата треба да се обезбедат од ФЗОМ. Заради ова Јавната установа е финансиски оптеретена со камати за задоцнето плаќање на обврските спрема доверителите за набавка на потребите на ЈЗУ УКЦ, опомени и тужби пред надлежните судови.
Ваквата состојба директно влијае на работењето на ЈЗУ Универзитетски клиники и предизвикува во иднина Јавната установа да не биде во можност ЈЗУ Универзитетски клиники редовно да ги снабдува со греење, струја, вода, храна, лекови и медицински потрошен материјал, стерилизација, медицински гасови и слично со што се доведува во прашање редовното функционирање на клиниките.

Од страна на Јавната установа добиени се забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок, и тоа на точките 4.3.1. и 4.3.3, при што забелешката на точката 4.3.1. според содржината е дообјаснување за прифатливоста и спроведливоста на препораката, додека забелешката на точката 4.3.3. се прифаќа заради дополнително доставени докази.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна од 21 до 23 заедно со ревизија на усогласеност на Јавната установа, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Јавната установа за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на директорот на Јавната установа, застапувана од:

- Шкодране Дарлишта в.д. Директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Јавната установа се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена,

вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот.

Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.03.2010 до 06.05.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

Не е вршена ревизија за годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 05.05.2011 година.
Од страна на Јавната установа добиени се забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок, и тоа на точките 4.3.1. и 4.3.3, при што забелешката на точката 4.3.1. според содржината е дообјаснување за прифатливоста и спроведливоста на препораката, додека забелешката на точката 4.3.3. се прифаќа заради дополнително доставени докази.

## 4.1. Интерни контроли

### 4.1.1. Информационен систем

Со анализата на ИТ системот на установата утврдени се следниве слабости:

- Не се пропишани политиките и процедурите за користење на ИТ, не е изготвена ИТ стратегијата за развој на установата.
- Не е воспоставен централизиран систем за пристап на корисниците.
- Пристапот до податоците не е ограничен само за корисникот кој е овластен за тоа.
- Не се прави редовна копија на сите податоци кои влијаат врз билансот на состојба и приходи на установата.
- Нема надворешна копија на податоците.

Наведеното не е во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност што доведува до ризик од несоодветен развој на ИТ системот, несоодветен пристап до податоците и губење на податоци во случај на хаварија.

**Препораки:**

- Да се подготви и донесе ИТ стратегија за развој на ИТ системот, стандардни политики и процедури за користење на ИТ системот како и за пристапот до податоците кои произлегуваат од ИТ системот.
- Институцијата да преземе мерки за зголемување на безбедноста на пристапот до податоците, нивното чување и достапноста.

Со анализата на апликациите за финансиско и материјално работење ревизијата утврди:

- Податоците од минати години не се заклучени и не постои заштита за нивно зачувување.
- Во апликацијата за финансиско работење нема автоматска контрола за внесување на ист број на фактура од ист добавувач во системот.
- Не постои поврзаност на дел од апликациите за материјалното со финансиското работење пред се фактурирањето со излезот и влезот во магацините.

Утврдените состојби кои не се во согласност со законската регулатива доведуваат до ризик од искажување на неверодостојни податоци во електронска форма, можност за внесување на дуплирање на книжење на

иста фактура во системот и губење на прокнижени податоци во електронска форма.

**Препораки:**

- Субјектот да преземе мерки за заштита од промена на податоците од кои произлегуваат финансиските извештаи од минати години.
- Во понатамошниот развој на апликациите да се предвидат и автоматски контроли при книжењето како и избегнување на двојно внесување на исти податоци.
- Субјектот да изнајде можности за воспоставување на автоматски контроли во апликациите.

## 4.2. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.1. Во текот на 2010 година извршено е реновирање на пералната во износ од 3.154 илјади денари со цел функционално оспособување на објектот и опремата во пералната која е дадена под закуп на Изградба Комерц ДОЕЛ, Скопје. Јавната установа не извршила префактуирирање кон Изградба Комерц ДОЕЛ, Скопје на 50% од вредноста на трошокот како што е дефинирано во член 4 од Договорот за измена и дополнување на Договорот за деловна техничка соработка бр.0307-1135/1 од 15.04.2009 година. Имено, во договорот е предвидено трошоците околу функционално оспособување на објектот и опремата во пералната треба да се надоместат подеднакво помеѓу двете договорни страни.

Наведеното има влијание на финансискиот резултат на Јавната установа.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што Јавната установа во текот на ревизијата извршила префактурирање на 50% од вредноста на трошокот во износ од 1.577 илјади денари.

**Биланс на состојба**

4.2.2. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2010 година, ревизијата констатира непочитување на процедурата за вршење попис, утврдена со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници при што е констатирано:

- Не е извршен попис на лиценца за софтвер која е набавена во периодот на Клинички центар и која се уште се користи од страна на Јавната установа, а според Извештајот за пописот на средствата, побарувањата и обврските за 2010 година од Централната пописна комисија искажана е вредност од 2.234 илјади денари.
- Пописната комисија не извршила попис и сметководствено усогласување на побарувањата и обврските. Имено, пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувања и обврски и не ги утврдила причините за неблаговремена наплата и плаќање на истите.

Нецелосно извршениот попис и неизвршеното усогласување на сметководствената со фактичката состојба може да има влијае на реално и објективно искажување на податоците и потврдување на целосноста и сеопфатноста на искажаните средства во Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Директорот на Јавната установа да преземе мерки за целосно организирање и извршување на пописот и усогласување со сметководствената евиденција, согласно законските прописи.

4.2.3. Со ревизија на Материјалните средства и Залихите за 2010 година, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 11 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- Јавната установа нема воспоставена евиденција за делот на земјиштето кое се користи од страна на Јавната установа а кое се наоѓа под и околу градежните објекти што се користат за извршување на дејноста. Со делбениот биланс на ЈЗУ УКЦ, Скопје евидентираната вредност на земјиштето е распределена само на дел од клиниките, согласно аналитичката евиденцијата која била воспоставена, додека во финансиската евиденција на Јавната установа земјиштето не е опфатено. Поради тоа што до денот на вршење на ревизија делбениот биланс на ЈЗУ УКЦ, Скопје за делот на земјиштето и градежните објекти се уште не е спроведен, ЈЗУ УК и Јавната установа како правни следбеници не располагаат со точни податоци за состојбата на средствата и нивните извори со што и информациите кои ги даваат нивните финансиски извештаи се нереални и необјективни.

- Јавната установа има воспоставено евиденција за делот на опремата која е набавена за потребите на ЈУ УК која е евидентирана како Материјали на залиха (Купување на медицинска опрема во износ од 1.914 илјади денари и како Други немедицински материјали во износ од 2.821 илјади денари). За набавената опрема е извршен прием и воспоставена материјална евиденција иако се работи за постојани средства.

- Јавната установа во рамките на аптеката има галенска лабораторија која врши изработка на готови галенски препарати кои финансиски се искажуваат како Материјали на залиха но не како производство и готови производи на залиха. Констатирана е неусогласеност на материјалната евиденција со финансиската евиденција и пописот, односно состојбата во финансиската евиденција е поголема во однос на материјалната евиденција во аптека за износ од 1.952 илјада денари.

Разликата на повеќе искажаниот износ во финансиската евиденција во однос на материјалната произлегува од извршено докнижување на готовите галенски препарати во износ од 970 илјади денари кои во рамките на материјалната евиденција на аптеката не се искажани, како и заради нецелосно евидентирање

на готовите галенски препарати во финансиската евиденција во износ од 982 илјади денари.

Во делот на усогласување на финансиската и материјалната ревизијата не се дава препорака поради тоа што во текот на вршење на ревизијата од страна на раководителот на Секторот за финансии се изготвени сметководствени политики за работењето на Јавната установа со што е опфатено работењето на материјалните средства и залихите. Исто така, од страна на раководителот на Одделението за сметководствено - финансиско работење воспоставена е соодветна сметководствена и материјална евиденција на материјалните средства, залихите и готовите производи од галенската лабораторија.

**Препорака:**

Директорот на Јавната установа да преземе мерки за целосно спроведување на делбениот биланс на ЈЗУ УКЦ, Скопје за делот на земјиштето и градежните објекти.

4.2.4. Во текот на 2010 година евидентирани се обврски по основ пресметани камати поради ненавремено плаќање на обврските кон добавувачите во износ од 2.570 илјади денари и тоа:

- А.Д. Окта во износ од 1.112 илјади денари и
- Ј.П. Водовод и Канализација во износ од 1.458 илјади денари.

За снабдувањето на топлинска енергија, потрошена вода и канализација согласно Договорот за регулирање на меѓусебните односи ЈЗУ УК преземаат обврска да го исплатат само основниот долг кон Јавната установа. Со договорот не се регулира делот на задоцнето плаќање кон добавувачите, кое произлегува од неисплатените обврски од страна на ЈЗУ УК кон Јавната установа, што предизвикува трошоците по основ на камати да се на терет на Јавната установа.

**Препорака:**

Директорот на Јавната установа да преземе мерки за дополнување на Договорот за регулирање на меѓусебните односи со ЈЗУ УК, со кое ќе се регулира и прашањето за надомесување на исплатата на камати по основ на задоцнето плаќање на обврските кон добавувачите.

## 4.3. Користење на средства согласно законски прописи

4.3.1. Јавната установа согласно Договорот за уредување на меѓусебни односи со ЈЗУ УК, Завод и ургентен центар врши фактурирање по извршените испораки на лекови по цени зголемени со услугите за комерцијално фармацевтски работи утврдени со аптекарскиот бод со што набавната цена на лековите се зголемува за износот на аптекарскиот бод кој за 2010 година изнесува 6.936 илјади денари. Со оглед на тоа што согласно член 54 од Законот за здравствено осигурување референтните цени на лекови се утврдени од страна на ФЗОМ, а со договорот во член 5 и 11 не е прецизирано за кој лекови се врши наплата за извршените услугите за комерцијално фармацевтски работи, ЈЗУ УК Завод и ургентен центар набавуваат лекови по цени кои се зголемени со аптекарски бод и се за 4% поголеми од референтните цени. Ваквиот начин на обезбедување на лекови има влијание ЈЗУ УК, Завод и Ургентен центар да не обезбедат средства за исплата на фактурираниот износ кој се однесува на услугата.

**Препорака:**

Директорот на Јавната установа да преземе мерки за прецизирање на членовите 5 и 11 од Договорот за регулирање на меѓусебните односи ЈЗУ УК со што ќе се изземе аптекарскиот бод на лековите за кои се утврдени референтни цени.

4.3.2. Јавната установа за машино-браварските услуги, одржување канализациона инсталација, столарски услуги, градежно занаетчиски услуги и обезбедување на просторот фактурира како месечен паушал, без доказ за извршена работа. Исплатата е вршена врз основа на Ценовник за услуги од Јавната установа, каде е утврдена месечна цена по м2, што не е во согласност со член 10 од Договорот склучен со Јавната установа, бр.0307-479/13 од 16.02.2009 година, во кој се предвидува плаќање на надоместок за извршени услуги и работи, а не плаќање на месечен паушал. Ваквиот начин на фактурирање не е во согласност со одредбите од склучениот договор и може да предизвика зголемени трошоци на терет на Јавната установа.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на ревизијата извршено е усогласување на одредбите од договорот и ценовникот за услугите на Јавната установа.

4.3.3. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2009 и 2010 година, од вкупно 99 спроведени постапки извршена е ревизија на 78 спроведени постапки (78,48%) во износ од 711.465 илјади денари кои во однос на вкупните набавки од 1.002.842 илјади денари учествуваат со 70,94%. Со ревизијата е констатирана следната состојба:

- Со планот за јавни набавки за 2010 година не се опфатени јавните набавки кои Јавната установа треба да ги спроведе за потребите на ЈЗУ УК, Завод и Ургентен центар, при што однапред не се утврдени видот на стоките, услугите и работите, динамиката за нивна реализација, проценетата вредност на договорот и видот на постапката, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки. Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на вршење на ревизијата донесена е измена на планот за јавни набавки за вкупните потреби за набавка во тековната година за Јавната установа и за ЈЗУ УК, по видови на стоки, услуги и работи, со динамика за нивна реализација, проценета вредност на договорот и видот на постапката.
- Јавната установа без претходно склучени договори за извршување на групна набавка со сите ЈЗУ УК Завод и Ургентен центар Скопје во 2010 година има спроведено постапки за групна јавна. Ваквиот начин на спроведување на групна набавка во име на група набавувачи со кои не е склучен договор за групна набавка не е во согласност со член 24 од Законот за јавни набавки и договорот за деловно техничка соработка. Во текот на 2010 година со 17 јавни здравствени установи дополнително се склучени договори за групна набавка, а со 4 јавни здравствени установи извршени се испораки на лекови и медицински потрошен материјал во износ од 4.516 илјади денари без склучен договор за групна набавка.
- Извршени се набавки на канцелариски материјали, средства за хигиена, тонери, конци, вградени материјали, лекови и медицински потрошен материјал по договори од претходните години и без постапка за јавна набавка во вкупен износ од 7.932 илјади денари (Преглед број 1).

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа, планот и одлуките за јавни набавки да ги носат во согласност со Законот за јавни набавки со континуирано преземање активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување законско постапување при спроведување на постапките за јавни набавки и доделување на договори за јавни набавки.
Ваквиот начин на спроведување на постапка упатува на тоа дека не е обезбедена конкуренција, еднаков третман, транспарентност, јавност, рационално и ефикасно искористување на средствата, спротивно на одредбите од член 2 од Законот за јавни набавки.

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 4.2.1, 4.2.3, 4.2.4, 4.2.5. и 4.2.6 е следниот:

- Повеќе искажани трошоци во износ од 1.577 илјади денари,
- Неизвршен попис на дел од постојаните средства во износ од 2.234 илјади денари,
- Повеќе искажани залихи, а помалку искажани постојани средства во износ од 4.745 илјади, заради погрешно евидентирање на сметководствените трансакции,
- Повеќе искажани обврски за вкупен износ од 2.650 илјади денари заради евидентирање на сметководствени трансакции без соодветни документи и заради неизвршено префактурирање на обврските по основ на камати.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната установа, на ден 31.12.2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната установа, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Со Одлуката за основање на Јавна установа од областа на здравството за потребите на Јавните здравствени установи, Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар број 19-3433/1 од 08.07.2008 на ден 11.07.2008 година е определена дејноста на Јавната установа и извршен е упис на Јавната установа во Централниот регистар на РМ.

Доколку се имаат во предвид одредбите од член 2 од Законот за здравствената заштита, активностите кои се предвидени во рамките на дејноста Јавната установа имаат влијание на зачувување и унапредување на здравјето на луѓето со што може да се констатира дека е неопходно во рамките на Законот за здравствена заштита да се наведе и Јавната установа како организација од областа на здравството, нејзината дејност и нејзиниот статус.

6.2. Министерството за здравство има издадено решенија за вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека во рамките на Јавната установа. Со издаденото решение основана е аптека како здравствена установа, а по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, во однос на простор, опрема и кадар, извршен е упис во Централниот регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, покрај лековите што се класифицираат како лекови што се издаваат во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на Јавната установа.

Доколку се имаат во предвид одредбите од Законот за здравствена заштита со кои се регулира прашањето на функционирање на аптеките, може да се констатира дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеката во состав на Јавната установа, која не врши промет на мало туку истата е во функција на вршење на дејноста на Јавната установа.

Согласно наведеното, потребно е да се преземе иницијатива за дополнување на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничка аптека, нејзиниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги врши, односно нејзините надлежности и одговорности.

6.3. Со Известување бр.07-618/1 од 28.01.2004 година Министерството за здравство е согласно Клинички центар Скопје да ги отстапи на користење кујната на други правни лица, согласно законските прописи и

нормативните акти на Клиничкиот центар, условено со преземање на кујната со вработените и регулирање на нивниот статус.
За обезбедување и снабдување со исхрана на пациентите и персоналот на ЈЗО Клинички центар Скопје склучен е договор за деловно техничка соработка со Друштвото за угостителство, производство и трговија ХАЦАТ ДОО Скопје бр.0307-419/21 од 26.03.2004 година. Без одобрение и без согласност од Јавната установа, спротивно на предметот на договор за деловно техничка соработка за обезбедување и снабдување со исхрана на пациенти и персонал, ХАЦАТ има отворено ресторан чии услуги се за надворешна употреба.

6.4. Со Известување бр.07-618/1 од 28.01.2004 година Министерството за здравство е согласно Клинички центар Скопје да ги отстапи на користење пералната на други правни лица согласно законските прописи и нормативните акти на Клиничкиот центар, со преземање на пералната со вработени и регулирање на нивниот статус. Согласност за отстапување со надоместок на објектите, возилата и опремата од пералната дава и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.
За вршење на услугите: перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш за потребите на ЈЗО Клинички центар Скопје склучен е договор со Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија „Изградба Комерц“ ДООЕЛ Скопје број 0307-790/1 од 23.04.2004 година. Услугите кои се предмет на овој договор се за потребите на хируршки клиники, Клиника за гинекологија, Клиника за ревматологија, Институт за клиничка биохемија и Заеднички служби. Договорот е склучен на неопредено време.

Со Договор за измена на договорот број 0307-1135/1 од 15.04.2009 година се врши измена на:

- Годишниот надоместокот за користење на отстапените објекти со дворни места, возила, опремата и ситниот инвентар се зголемува на 141 илјади денари, кој претходно изнесувал 120 илјади денари;
- отказниот период се менува и се зголемува на 4 години од склучување на овој договор, кој претходно изнесувал 2 години;
- доколку објектот и опремата не се во исправна состојба, „Изградба Комерц“ е должна да ги доведе во исправна состојба, со тоа што трошокот треба подеднакво да го поделат двете страни.

Измената на Договорот е заснована врз основа на Одлуката на Управниот одбор на Јавната установа бр.0201-1087/9 од 28.04.2009 година.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Јавната установа во период по трансформирање на ЈЗУ Универзитетски клинички центар Скопје до 31.12.2010 година извршила исплата на обврски во 68.779 илјади денари кои не се надоместени од ФЗОМ што е спротивно на одредбите од член 9 став 2 од истата Одлука за долговите и другите обврски направени од ЈЗУ УКЦ Скопје до 05.09.2007 година, според кои средствата треба да се обезбедат од ФЗОМ.

Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија согласно одредбите од член 3 и 4 од Договор за регулирање на меѓусебните односи во 2008 година со Јавната установа со Бр. 0307-3476/1 се обврзува да надоместува средства за подмирување на преземените долгови од поранешниот ЈЗУ УКЦС согласно член 9 став 2 од Одлуката за основање, а динамиката на плаќањата да се врши врз основа на усогласен план помеѓу ФЗОМ и Јавната установа според утврдени приоритети и во рамки на расположливите средства на ФЗОМ.

Вкупно платени обврски по наведени основи со состојба 31.12.2010 изнесува:

| **Основ** | **Износ (000)** |
|---|---|
| Долгорочен кредит од АД Стопанска Банка | 21.883 |
| Едукации - Специјализации | 8.476 |
| Извршени судски пресуди | 35.423 |
| Судски такси | 2.072 |
| Адвокатски трошоци | 925 |
| **Вкупно** | **68.779** |

Долгорочниот кредит кој е преземен од Клинички центар е целосно исплатен во 2010 година, при што се исплатени средства во износ од 8.388 илјади денари како основен долг и камата во износ од 169 илјади денари или вкупно 8,557 илјади денари од страна на Јавната установа без обезбедени средства од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Заради наведената состојба предизвикана од наследените обврски од ЈЗУ УКЦС и нередовното плаќање на ЈЗУ Универзитетски клиники на доспеаните долгови кон Јавната установа, Јавната установа е доведена во

состојба да не може редовно да ги подмирува доспеаните долгови спрема добавувачите. Заради ова Јавната установа е финансиски оптеретена со камати за задоцнето плаќање, опомени и тужби пред надлежните судови.

Согласно претходно наведените анализи и согледувања од документацијата за наследени и потенцијални обврски, произлегува дека исплатените средства за превземените обврски од ЈЗУ УКЦС во работењето на Јавната установа создава загуба, од причина што овие долгови не можат да се вкалкулираат во цената на услугите кои Јавната установа ги дава на Јавните здравствени установи. Во таков случај истото би претставувало дополнително оптоварување на буџетите на Јавните здравствени установи кои и редовно не ги подмируваат своите долгови кон Јавната установа.

Ваквата состојба директно влијае на работењето на ЈЗУ Универзитетски клиники и предизвикува во иднина Јавната установа да не биде во можност ЈЗУ Универзитетски клиники редовно да ги снабдува со греење, струја, вода, храна, лекови и медицински потрошен материјал, стерилизација, медицински гасови и слично со што се доведува во прашање редовното функционирање на клиниките.

Доколку не се обезбедат средства за подмирување на веќе исплатените обврски за ЈЗУ УКЦС, загубата на Јавната установа по основ на превземени долгови од ЈЗУ УКЦС ќе продолжи да се зголемува и во иднина, затоа што во тек се утужувања од правни и физички лица за обврски на ЈЗУ УКЦС кои и во иднина ќе следат. Напоменуваме дека поради недостиг на финансиски средства, Јавната установа се соочува со неможност за водење на судски постапки и во иднина нема да може да продолжи да ги води судските предмети кои се однесуваат на обврски наследени ЈЗУ УКЦС и да ги плаќа судските трошоци (судски такси, вештачења, адвокати).

7.2. Склучен е Договор за деловно техничка соработка број 0307-4345/19 од 10.10.2005 година помеѓу Клинички центар и Венекс Весна ДОО Скопје, за „Реализација на сообраќајно техничка документација за сообраќајното уредување на сообраќајот во кругот на Клинички центар и одржување и подобрување на воспоставеното сообраќајно решение за времетраење на договорениот однос, реализирање на проект за автоматизиран систем на управување и стопанисување со паркирањето во комплексот на Клинички центар во временски период од 8 години; реализација на решение за

замена на одземените постојни зелени површини заради изградба на нови паркинг места и улици, со изградба на нови зелени површини и реновирање на постоечките паркинг места и изградба на нови паркинг места во комплексот на Клинички центар".

Врз основа на доставената документација констатирано е следното:

- ревизијата не беше во можност да се увери во законски спроведената постапка за јавна набавка, поради недоставена комплетна документација;
- со договорот Клинички центар ги отстапува на користење и ги предава во владение постоечките паркинг места како и површините каде што се предвидува изградба на нови паркинг места на изведувачот во временски период од 8 години, без претходно донесена одлука од страна на Управниот одбор на Клинички центар и Министерство за здравство како носител на правото на недвижностите;
- не е формирана Комисија за увид и контрола во работењето на изведувачот согласно член 5 од договорот, со што Клинички центар можел да врши контрола во реализацијата на договорените обврски;
- согласно член 6 од договорот, изведувачот е должен комплетното реновирање, изградбата на нови паркинг простори како и воведувањето на комплетна автоматика во работењето да го заврши во рок од 80 дена од денот на потпишување на договорот односно до 19.01.2006 година.

Ревизијата смета дека е склучен договор без претходно извршена пресметка/елаборат за оправданоста од склучување на ваков вид на договор, односно давање на паркинг просторот на користење и управување на друго правно лице во наредните 8 години и добивање владение по истекот на договорениот период од 8 години.

Одделението за внатрешна ревизија при Министерството за здравство на РМ во март 2008 година изготвил Конечен извештај од извршената ревизија на тендерот за сообраќајно уредување на сообраќајот во кругот на ЈЗО КЦ Скопје и подобрување на воспоставеното сообраќајно решение за времетраењето на договорениот однос. Врз основа на утврдените нереализирани цели и недостатоци на договорот за деловно техничка соработка дадена е препорака Јавната установа за заеднички работи за

потребите на ЈЗУ клиники и институти да започне постапка за раскинување на предметниот договор.

Со тужба IX ТСбр.716/08, тужителот Р.М.-Министерство за здравство, застапувано од Државното правобранителство на РМ има покренато постапка за ништавност на договорот за деловно техничка соработка бр.0307-4345/19 од 10.10.2005 година и предавање во владение на земјиште сопственост на Република Македонија, која е во тек.

7.3. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на побарувањата и обврските на Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти како правен следбеник на Клинички центар. Според информациите добиени од Правниот сектор на Јавната установа состојбата на судските постапки е следна:

- судски постапки во кои тужител е Клинички центар и тоа по основ на побарувања од правни лица во износ од 24.693 илјади денари и побарувања од физички лица за извршени здравствени услуги во износ од 41.723 илјади денари и
- судски постапки во кои тужена страна е Клинички центар и тоа по основ на обврски кон правни лица во износ од 39.751 илјади денари и обврски кон физички лица во износ од 3.344 илјади денари.

Покрај наведеното пред надлежните судови во Република Македонија во моментов се водат повеќе од 96 судски предмети против Јавната установа за обврски на ЈЗУ УКЦ Скопје направени до 05.09.2007 година чија вкупна вредност не може да биде определена поради неизвесниот исход од судските постапки, неизвесниот износ на основниот долг и каматите.

**Прифатени корекции во текот на ревизијата:**

Од страна на Јавната установа во текот на ревизијата се прифатени и коригирани следните корекции:

- Намалена е вкупната актива во вкупен износ од 1.317.318 илјади денари, заради:
    - Неосновано искажана загуба од работењето во износ од 1.290.853 илјади денари,
    - Намалување на тековните средства за 25.463 илјади денари и
    - Намалување на долгорочните средства за 1.002 илјади денари;

- Намалена е вкупната пасива во вкупен износ од 1.317.318 илјади денари, заради:
    - Намалување на изворите на капитални средства за 1.226.695 илјади денари,
    - Намалување на пасивните временски разграничувања за 90.613 илјади денари и
    - Долгорочните обврски за 10 илјади денари.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 653,172 | 704,251 |
| Трансфери и донации | 0 | 42,000 |
| **Вкупно приходи** | **653,172** | **746,251** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 79,738 | 89,570 |
| Стоки и услуги | 547,532 | 622,642 |
| Каматни плаќања | 1,343 | 1,957 |
| **Вкупно тековни расходи** | **628,613** | **714,169** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 6,271 | 3,692 |
| **Вкупно капитални расходи** | **6,271** | **3,692** |
| **Отплата на главнина** | **8,330** | **11,605** |
| **Вкупно расходи** | **643,214** | **729,466** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **9,958** | **16,785** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 9,991 | 16,813 |
| Побарувања | 367,594 | 259,106 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 13,548 | 7,526 |
| Побарувања од вработените | 0 | 120 |
| Активни временски разграничувања | 477,840 | 299,842 |
| Залихи | 18,186 | 23,201 |
| **Вкупно тековни средства** | **887,159** | **606,608** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 2,234 | 2,234 |
| Материјални средства | 342,294 | 318,772 |
| **Вкупно постојани средства** | **344,528** | **321,006** |
| Долгорочни кредити и позајмици | 0 | 1,002 |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **0** | **1,299,231** |
| **Вкупна актива** | **1,231,687** | **2,227,847** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 477,367 | 299,297 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 120 |
| Обврски спрема државата и други институции | 810 | 477 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 65 | 68 |
| Пасивни временски разграничувања | 391,133 | 348,594 |
| **Вкупно тековни обврски** | **869,375** | **648,556** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **8,388** |
| Извори на капитални средства | 362,312 | 1,570,901 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **362,312** | **1,570,901** |
| **Извори на други средства** | **0** | **2** |
| **Вкупна пасива** | **1,231,687** | **2,227,847** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________

____________________

____________________

____________________

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **1,547,699** | **23,202** | **1,570,901** |
| **Зголемување по основ на:** | **65,681** | **373,167** | **438,848** |
| Набавки | 14,348 | 373,167 | **387,515** |
| Ревалоризација на капитални средства | 51,333 | | **51,333** |
| **Намалување по основ на:** | **1,268,852** | **378,585** | **1,647,437** |
| Отпис на капитални средства | 182 | | **182** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 23,935 | | **23,935** |
| Амортизација | 18,042 | | **18,042** |
| Корекции во текот на ревизијата | 1,226,693 | | |
| Потрошок на залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар | | 378,585 | **378,585** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **344,528** | **17,784** | **362,312** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено:
27-157/9
27-157/9

ЈУ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈЗУ
УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

Бр. 07-1747/1
27-06-2011 год.

До
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
Ул. Македонија 12/3
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Известување во врска со Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2010 година и ревизија на усогласеност на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје заведен под бр. 27-157/5 од 02.06.2011 година

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2010 година и ревизија на усогласеност на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје заведен под бр. 27-157/5 од 02.06.2011 година, а согласно член 30 став 2 од Законот за државната ревизија (Сл. Весник на РМ бр. 66/2010), го истакнуваме следното:

Во однос на изнесеното во **точка 4.3.1.** истакнуваме дека Вашата препорака да се изземе аптекарскиот бод на лековите со референтни цени како надомест за извршена услуга е прифатлива и спроведлива доколку на ЈУ од областа на здравството и се определи буџет. Во услови кога ЈУ од областа на здравството се финансира исклучиво од услугите кои ги дава на ЈЗУ УК, Завод и Ургентен Центар, предвидениот надоместок за комерцијално-фармацевтски услуги е единствен приход на Секторот Аптека при ЈУ од областа на здравството. Доколку ЈУ од областа на здравството добие буџет, нема да се засметува надоместок за услугите кои ги дава на Клиниките, вклучувајќи ги и услугите во делот на комерцијално-фармацевтски услуги.

Во врска со препораката изнесена за **точка 4.3.3.** Ви доставуваме дополнителна документација и го истакнуваме следното:

**Алинеја 3 (Преглед бр. 1)**

1. Нарачката на лекови по Договор за јавна набавка на стоки бр. 0307-48/24 од 04.03.2009 година склучен со Елбијор е направена за времетраење на договорот. Последната нарачка на лекови е направена на ден 03.03.2010 година согласно Одлука за сукцесивна нарачка бр. 0502-120/17 од 03.03.2010 година, за времетраење на Договорот, чија важност е до 04.03.2010 година. Испораката на стоките до Клиниките од страна на добавувачот Елбијор е извршена по направената нарачка согласно член 5 од Договорот за јавна набавка на стоки.
Прилог:
- Одлука за сукцесивна нарачка бр. 0502-120/17 од 03.03.2010 година

- Договор за јавна набавка на стоки бр. 0307-48/24 од 04.03.2009 година

2. По спроведена постапка за јавна набавка на услуга - сервисирање, поправка и набавка на делови за медицинска опрема, склучен е Договор бр. 0307-171/12 од 10.06.2010 година со ВИНОРА кој е во важност до 10.06.2011 година. Со пуштање во работа на Хипербарната комора, се јави потреба од зголемување на вредноста на Договорот за што е спроведена постапка согласно член 99 став 1 точка 4 од Законот за јавните набавки за зголемување на вредноста на услугата за дополнителни 30% од вредноста на основниот договор.
Прилог:
- Документација од спроведена постапка
- Договор со Винора бр.03-1362/7 од 09.06.2011 година.

Се надеваме дека истакнатото во ова Известување ќе биде земено во предвид при изготвување на Конечниот извештај.

Со почит,

Изготвил:
Раководител на Сектор Финасии Елизабета Дамеска Јовановска

ЈУ од областа на здравството за потребите
на ЈЗУ универзитетски клиники, завод и
ургентен центар Скопје
В.Д.Директор
Shkodrane Dardhishta

:

ПРИЛОГ БРОЈ 2

# ОДГОВОР

**на забелешки на констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година кај ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, завод и Ургентен центар - Скопје**

Од страна на В.Д. директорот Шкодране Дардишта на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, завод и Ургентен центар - Скопје, добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година, број 05 – 1747/1 од 27.06.2010 година, а заверени во Државниот завод за ревизија под број 27 – 157/9 од 27.06.2011 година.

Забелешките се однесуваат на точките 4.3.1. и 4.3.3. од Нацрт извештајот за извршената ревизија.
Забелешката на точката 4.3.1. претставува дообјаснување според кое препораката е прифатлива и спроведлива доколку ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, завод и Ургентен центар - Скопје за фактурирањето на аптекарскиот бод за извршените испораки на лекови се определат буџетски средства.
Забелешката на точката 4.3.3. се прифаќа, заради тоа што дополнително се доставени документи како доказ за извршените трансакции согласно договорите со економските оператори.